

Крсто Белев ( 5 III 1908 – 25 I 1978) е бугарски писател од македонско потекло. Автор на многубројни раскази, статии, патописи, романи, како и филмски сценарија. Добар дел од неговиот богат опус е посветен на македонски теми. Тој е автор на мошне популарниот роман „Планино, Пирин-планино“ (1934) во кој се коментира смртта на Гоце Делчев.

Крсто Димитров Белев е роден на 5 март 1908 година во серското село Горно Броди. Неговиот татко Димитар Белев бил деец на ВМРО. По балканските војни со семејството се преселил во Бугарија. Белев учел во Ксанти, Хасково и Пловдив.

Белев работел како тутунар, чевлар и бил работник во фабрика за тули. Тој почнал да пишува во 1923 година, а како младинец учествувал во дејноста на БКП. Поради учество

во комунистичкото движење во Бугарија бил прогонуван, повеќепати осудуван и долго лежел в затвор. Имено, поради незаконско дејствување во 1926 година бил осуден на смрт, а казната му била преиначена на 15 години затвор бидејќи бил малолетен.

Во 1932 година Белев бил амнестиран. По излегувањето од затвор тој продолжил да се занимава со илегална комунистичка активност, поради што постојано бил апсен. Во 1932 година објавил две негови книги, за што е осуден на 12 години затвор, и бил принуден да емигрира. Прво заминал во Холандија, а потоа во Франција. Бил емигрант во Франција и во Романија, а подолго време престојувал и во СССР.

Во 1932 година во Амстердам учествувал на Првиот светски антивоен конгрес, а во 1937 година - на Вториот меѓународен конгрес за заштита на мирот и културата во Шпанија и Франција.

Во 1933-1934 година, во Виена и Париз, Белев извршувал задачи за советското воено разузнавање. По завршувањето на една од задачите, тој заминал за Романија, каде бил уапсен поради партиска работа и протеран во Бугарија, каде што одлежал казна затвор во 1934-1936 година за претходна пресуда. Ослободен бил поради болест и апели од странски писатели.

Во периодот од 1936 до 1939 година Белев бил таен соработник на советските воени аташеа во Бугарија В.Т. Сухоруков и А.И.Бенедиктов. Постојано патувал во странство и создал канали за комуникација со Австрија, Турција и Романија, Ја посетил и Москва. Кон крајот на 1939 година, по налог на советското воено аташе во Бугарија, И.Ф. Дергачев организирал и раководел до 1941 година со разузнувачка група „Август“.

За време на Втората светска војна учествувал во комунистичкиот отпор. Како комунист бил  интерниран во логорите во Гонда Вода и Крсто Поле. (февруари 1941 - февруари 1942 година), бил ослободен и еден месец подоцна повторно се вклучил во борбата. Во септември 1942 година повторно бил уапсен за разузнавачки активности, а во февруари 1943 година бил осуден „за шпионирање за странска држава“. По септемврискиот востание во 1944 година Белев живеел во Софија.

Автор е на многубројни раскази, статии, патописи, романи, како и филмски сценарија.

Добар дел од неговиот богат опус е посветен на македонски теми. Автор на мошне популарниот и често издаван роман „Планино, Пирин-планино“ (1934) во кој се коментира смртта на Гоце Делчев.

Крсто Белев починал на 25 јануари 1978 година во Софија.



подготвил: Т.К.